**ПОВЕДЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ/ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО 2014 ГОДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, против радиодифузерите кои не ги почитувале одредбите од Изборниот законик, заклучно со 9 мај 2014 година, поведе вкупно 34 (триесет и четири) прекршочни постапки/постапки за порамнување[1].

Постапувањето на Стручната служба на Агенцијата, при утврдувањето на прекршувањата на Изборниот законик е уредено со Процедурата за постапување на Стручната служба при утврдување прекршувања на Изборниот законик во време на Претседателските избори во 2014, која што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја усвои во февруари 2014 година.

Од вкупно **34 (триесет и четири) поведени постапки**:

1. **4 (четири) постапки за порамнување/прекршочни постапки, се во периодот пред започнување на изборна кампања,** против:

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ Боем" Кичево ДООЕЛ Кичево** за прекршување на член 75-д став 2 од Изборниот законик, поради емитување оглас за собирање потписи за поддршка на кандидатура за претседател на Република Македонија, надвор од означен рекламен блок и без да биде јасно означен нарачателот;

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ Боем" Кичево ДООЕЛ Кичево** за прекршување на член 75-д став 3 од Изборниот законик, поради емитување оглас за собирање потписи за поддршка на кандидатурата за претседател на Република Македонија, во кој освен основни податоци – за кого се собираат потписи и на кои места содржи и дополнителни податоци за кандидатот;

- Трговско радиодифузно друштво **„Телевизија СИТЕЛ" ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 77 став 2 од Изборниот законик, поради тоа што при објавување на резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес не се наведени податоци за големината и структурата на испитаниот примерок и за периодот во кој е спроведено истражувањето;

[1] Согласно член 178-а од Изборниот законик, пред поднесување на барањето за поведување постапка пред надлежниот суд се спроведува постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците.

- Јавното радиодифузно претпријатие „**Македонска радиотелевизија“ Скопје Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2)** за прекршување на член 77 став 2 од Изборниот законик, поради тоа што при објавување на резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес не се наведени податоци за големината и структурата на испитаниот примерок и за периодот во кој е спроведено истражувањето;

2. **23 (дваесет и три) постапки за порамнување/прекршочни постапки, се за време на изборната кампања за Претседателските и Предвремените парламентарлни избори во 2014 година – од 24 март до 25 април 2014 година**, против:

- Трговско радиодифузно друштво **„Телевизија СИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик, поради емитувано платено политичко рекламирање во анимирана долгометражна серија за деца;

- Трговско радиодифузно друштво **„Телевизија СИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје Скопје** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање;

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ КАНАЛ 5” ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик, поради емитувано платено политичко рекламирање во актуелно-информативни програми – **2 прекршочни;**

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ КАНАЛ 5” ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 77 став 1 од Изборниот законик, поради објавување анкета по истекот на рокот определен во овој член ( анкети можат да се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите);

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ АЛФА” ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање – **2 прекршочни постапки;**

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ АЛФА” ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик, поради емитувано платено политичко рекламирање во долгометражни анимирани филмови за деца;

- Трговско радиодифузно друштво **„Телевизија МАКПЕТРОЛ" ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 76 став 2 од Изборниот законик, поради емитувано платено политичко рекламирање без јасно означен нарачател;

- Трговско радиодифузно друштво **„Алсат-М" ДОО Скопје** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање;

- Трговско радиодифузно друштво **„Алсат-М" ДОО Скопје** за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик, поради емитувано платено политичко рекламирање во анимиран филм за деца;

- Трговско друштво за радио-дифузна дејност **„ТВ ШУТЕЛ" ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање **– 2 прекршочни;**

- Трговско друштво за радио-дифузна дејност **„ТВ ШУТЕЛ" ДООЕЛ Скопје** за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик, поради емитувано платено политичко рекламирање во емисија за деца;

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ КИСС" Злате Тетово** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање;

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ КИСС" Злате Тетово** за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик, поради емитувано платено политичко рекламирање во емисија за деца;

- Трговско радиодифузно друштво **„Независна ТВ " Охрид ДООЕЛ** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање;

- Трговско радиодифузно друштво **„Телевизија СОНЦЕ" ДООЕЛ Прилеп** за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик, поради емитувано платено политичко рекламирање во актуелно-информативна програма

- Трговско радиодифузно друштво **„Телевизија ТИКВЕШИЈА" ДООЕЛ Кавадарци** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање;

- Трговско радиодифузно друштво **„ТВ ВТВ Тони" ДОО Валандово** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање – **2 прекршочни**;

- Трговско радиодифузно друштво **„КАНАЛ ТРИ" ДООЕЛ Дебар** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање;

- Трговско радиодифузно друштво **„Телевизија КОБРА" ДОО Радовиш** за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање;

3. **2 (две) постапки за порамнување/ прекршочни постапки, се за време на изборниот молк – 26 и 27 април 2014 година, за Претседателските и Предвремените парламентарните избори во 2014 година,** за утврдени прекршувања на член 76-б став 3 од Изборниот законик (при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта), против:

- Трговско радиодифузно друштво **„24 ВЕСТИ" ДООЕЛ Штип;**
- Трговско Радиодифузно друштво **„ТВ ЕРА" ДОО Скопје;**

4. **5 (пет) постапки за порамнување/прекршочни постапки,** за утврдени прекршувања на член 75 став 1 од Изборниот законик (радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва што одлучиле да ги покриваат изборите се должни тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин на својата вкупна програма) од кои:

4.1. **4 (четири) постапки за порамнување/прекршочни постапки, за време на изборната кампања за Претседателските и Предвремените парламентарлни избори во 2014 година – од 24 март до 25 април 2014 година**, против:

- Трговско радиодифузно друштво **„КАНАЛ 5“ ДООЕЛ Скопје;**
- Трговско радиодифузно друштво **„ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ“ ДООЕЛ Скопје;**
- Трговско радиодифузно друштво **„АЛФА ТВ“ ДООЕЛ Скопје;**
- Трговско радиодифузно друштво **„Телевизија СИТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје;**

4.2. **1 (една) постапка за порамнување/прекршочна постапка, за време на изборната кампања за Предвремените парламентарлни избори во 2014 година – од 05 до 25 април 2014 година**, против:

- Трговско радиодифузно друштво **„АЛСАТ-М“ ДОО Скопје;**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**